SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Содржина


01 Цели на проектот и корисници на проектот

02 Методологија на истражувањето

03 Демографија на истражувањето

04 Општа состојба

05 Познавање и интерес за граѓанско образование и образование на гласачи

06 Формално и неформално граѓанско образование и образование на гласачи

07 Граѓанско учество

08 Избори

09 Перцепција за ДИК

10 Важноста на медиумите за граѓанско образование и образование на гласачи

11 Клучни наоди

# ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИТЕ РЕФОРМИ

## ЦЕЛИ И КОРИСНИЦИ НА ПРОЕКТОТ

- Проектот „Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија“ е проект на Владата на Швајцарија и се имплементира од Меѓународната фондација за Изборни системи (IFES). Главната цел на проектот е да ги поддржи демократските и кредибилни изборни процеси што го олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција, овозможувајќи им на гласачите слободно да ги избираат своите претставници и да ги повикуваат на одговорност.
- Активностите на проектот се наменети да ги поддржат исполнувањето на три резултати:

  Резултат 1: Зајакнатите институции спроведуваат фер и ефикасни изборни процеси.
  Резултат 2: Внатрешно демократизираните политички партии презентираат политики и изборни програми ориентирани кон граѓаните.
  Резултат3: Граѓаните бараат одговорност од политичките партии и избраните претставници.

- Корисници на проектот се органите за управување со избори на сите нивоа, владините институции како Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државниот завод за статистика, Народниот правобранител, Државниот завод за ревизија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда; политичките партии, граѓанските организации, гласачите и граѓаните воопшто.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## Длабински интервјуа со клучни професионалци

**15 длабински интервјуа** со претставници од: Биро за Развој на Образование, ДИК, Политички партии, НВОа/ Граѓански организации, Медиуми, Академија/ Факултет за Политички науки

## Лице в лице национално репрезентативно CAPI истражување

**Национално репрезентативен**, повеќестепен стратификуван примерок на **1.114** испитаници на возраст 18+, граѓани на Република Северна Македонија
Маргина на грешка ±2.94 процентни поени на интервал на доверба 95%
Временска рамка: 15 - 26 Јуни 2023

## Фокус групи со граѓани од шест изборни единици

**6 фокус групи** на граѓани на возраст 18+, во 6 изборни единици, балансирани во однос на возраст, пол, етничка припадност и работен статус

# ОПШТА СОСТОЈБА

# ОПШТА СОСТОЈБА - АСОЦИЈАЦИИ

Доколку треба да ја опишете моменталната состојба во нашата земја **со три збора**, кои би биле тие?

**Наод од квалитативно истражување – фокус групи**

- **ИЗРАЗЕНО НЕГАТИВНА ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА АКТУЕЛНАТА СИТУАЦИЈА ВО ЗЕМЈАТА**

**НЕСТАБИЛНОСТ**

Хаос
Катастрофа
Безредие
Ќорсокак
Празни ветувања

**ЕКОНОМСКА КРИЗА**

Сиромаштија
Невработеност
Иселување на младите

**ЕРОЗИЈА НА СИСТЕМОТ**

Криминал
Корупција
Нефункционалност на институциите
Партизираност



# НАЈВАЖНИ ПРОБЛЕМИ

## Кој е ПРВИОТ најважен проблем со кој се соочува нашата земја денес?
## Кој е ПРВИОТ најважен проблем со кој се соочувате Вие и Вашето семејство денес?




**ЗАБЕЛЕШКА**

- **Криминалот, корупцијата и владеењето на правото** почесто се споменуваат како проблем со кој се соочува нашата земја, а поретко како проблем со кој граѓаните лично се соочуваат.
- **Економија и животен стандард** почесто се споменува од страна на етничките Македонци, од испитаниците со пониско образование и испитаниците со пониски семејни приходи.
- **Криминал, корупција и владеење на правото** почесто се споменува од испитаници од другите етнички заедници, испитаниците со високо образование и повисоки семејни месечни приходи.

# ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА СОЦИО-ПОЛИТИЧКИ СЛУЧУВАЊА

## Колку сте заинтересирани за актуелни социо-политички случувања во нашата земја?




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.94

*Процент на испитаници кои* ***не се заинтересирани за актуелни општествено-политички случувања, според пол***




*Процент на испитаници кои* ***не се заинтересирани за актуелни општествено-политички случувања, според возрасни групи***




*Процент на испитаници кои* ***не се заинтересирани за актуелни општествено-политички случувања, според ниво на образование***



# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИ

## До кој степен верувате или не верувате во...?




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ПОЗНАВАЊЕ И ИНТЕРЕС ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

# СПОНТАНИ АСОЦИЈАЦИИ

Наод од квалитативно истражување

Кога ќе го слушнете поимот **ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ** какви **асоцијации** ви паѓаат на ум?

Кога ќе слушнете **ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ГЛАСАЧИ** какви **асоцијации** ви паѓаат на ум?




## ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

- ✓ Граѓаните да си ги знаат своите права и должности
- ✓ Граѓаните да си ги бараат своите права и слободи
- ✓ Права и обврски на власта кон граѓаните
- ✓ Граѓаните да знаат каде да побараат помош
- ✓ Прифатливи начини на однесување, морал и етика
- ✓ Меѓусебна соработка на граѓаните
- ✓ Наставен предмет во основно образование
- ✓ Основи на демократијата

## ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ГЛАСАЧИ

- ✓ Познавање на правилата на гласање на денот на изборите
- ✓ Начин на гласање
- ✓ Знење на кое гласачко место да гласа
- ✓ Да знае каде да пријави нерегуларност
- ✓ Изборен процес
- ✓ Запознаеност со програмите на политичките партии
- ✓ Запознаеност со кандидатите на политичките партии
- ✓ Обезбедување на  важни информации на младите за гласањето и гласачкиот процес



# ГРАЃАНСКИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ

## Колку се согласувате или не се согласувате со следнава изјава: „Важно е граѓаните да ги знаат своите права и обврски во едно демократско општество“?




*Мислам дека ако нема доволно Граѓанско образование нема да можеме да оствариме некои од нашите права, ниту ќе знаеме дека имаме можност да ги оствариме.*

***Учесник во фокус група, Тетово***

База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ПОЗНАВАЊЕ

## Колку сметате дека имате познавања за...:




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ПОЗНАВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИТЕ

## ДЛАБИНСКИ ИНТЕРВЈУА

- **Сите интервјуирани засегнати страни се согласуваат дека граѓаните воопшто не се или малку се информирани** и ги разбираат концептите кои се дел од граѓанското образование и образование на гласачите

*Иако имаме силно политизирано општество, граѓанството генерално не ги разбира концептите на граѓанското образование*

***Длабинско интервју со претставник на политичка партија***

*Јавноста малку разбира што е Граѓанското општество, што се граѓански организации, која е нивната улога, како се финансираат итн. Претпоставувам дека често пати има поистоветувања, па дури и со партии... Така што, на тој план мислам дека има големо неразбирање кој е кој во општеството.*

***Длабинско интервју со претставник на медиуми***

## ФОКУС ГРУПИ

- На училишна скала (од 1 до 5) учесниците во фокус групите го оценуваат знаењето на граѓаните за граѓанското образование со просечна оценка помеѓу 2 и 3.
- Како најчести **последици** од релативно ниското познавање на граѓанското образование беа истакнати следниве:

  - ✓ Подложност на манипулација од страна на системот и институциите
  - ✓ Чувство на безнадежност и апатија, што води до граѓанска пасивност
  - ✓ Пад на системот на морални вредности во земјата
  - ✓ Стагнација, сиромаштија
  - ✓ Иселување на младите од државата

*Колку помалку информации имаме толку сме поподложни на манипулации. Не е должност секој да знае сè, меѓутоа за наше добро колку-толку треба да знаеме како функционира системот за да не може некој да “нè дрибла”, така да се изразам.*

***Учесник во фокус група, Битола***

# ИНТЕРЕС

## Колку сте заинтересирани да научите за...?




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.94

# ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕТО НА ГЛАСАЧИТЕ

## ДЛАБИНСКИ ИНТЕРВЈУА

- Претставници од Невладините Организации и Медиумите сметаат дека **граѓаните не се многу заинтересирани** за темите поврзани со Граѓанското Образование и Образованието на гласачи, дека овие теми не се многу атрактивни за граѓаните, пред сè поради чувството на апатија и немоќ нешто да променат во општеството

*Граѓаните не се заинтересирани затоа што мислат дека ништо не можат да променат*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***

## ФОКУС ГРУПИ

- Најчести причини поради кои постои незаинтересираност за овие теми за учесниците во фокус групите се следните:
  - **Асоцирање на граѓанското образование и образованието за гласачи со политички теми** што создава силен отпор и потреба за нивно избегнување
  - **Префрлање на одговорноста** на системот и институциите и не прифаќање на сопствениот удел од одговорноста (да се биде информиран и граѓански активен)
  - **Разочараност и недоверба** во институциите и државата
  - **Перцепција дека образованието е за младите** и треба да остане во рамки на школскиот систем (задолжително во основното образование, како изборен предмет во средното образование)

*Едноставно не сум заинтересирана. Толку многу сме бомбардирани на сите вести, со сите овие информации и сме презаситени*

***Учесник во фокус група, Битола***

# ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

## ФОКУС ГРУПИ

**На каков начин граѓаните сакаат да бидат информирани?**

- **Организирани кампањи за зголемување на информираноста на граѓаните** од страна на државата во соработка со невладиниот сектор
- **Кратки брошури / прирачници во печатена или онлајн верзија** кои ќе бидат дистрибуирани преку различни канали и до кои граѓаните ќе имаат брз пристап
- **Кратки, интересни и информативни видеа во ударните термини на телевизиите, како и на социјалните мрежи**
- **Вклучување на граѓаните во дебати, трибини и дискусии** при донесување на одлуки на локално ниво и преку невладиниот сектор

**Што треба да направат институциите за да го потикнат интересот на граѓаните?**

- Да им ја вратат довербата на граѓаните во својата работа - граѓаните да имаат позитивни искуства од соработката со институциите
- Да вработуват стручни и компетентни луѓе
- Да бидат транспарентни во нивната работа

*Што ќе ги поттикне граѓаните? Ако од време на време имаат позитивен исход. Ако гледаш дека од другата страна има некој кој те слуша и знае како да ти помогне.*

***Учесник во фокус група, Струмица***



# ФОРМАЛНО И НЕФОРМАЛНО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

## ФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ



- Задолжително граѓанско образование во 8мо и 9то одделение во основни училишта
- Задолжително граѓанско образование во 1ва година средно стручно образование; социологија во гимназиско образование
- Предметот граѓанска култура е воведен во 2002, 2005 е преименуван во граѓанско образование
- Во 2020 година МОН усвои Концепт и упатства за имплементација за Граѓанско образование во основното образование подготвен од БРО.
- Концептот и упатствата имаат за цел дополнително да ја нагласат важноста на интеграцијата на Граѓанското образование во образовниот систем и дека демократската култура е одговорност на целото училиште. Граѓанското образование се реализира преку: посветена наставна програма по предметот Граѓанско образование; вон училишни активности; демократско управување со училиштата; соработка со заедницата; соодветни наставни методи и слично.

## НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Неформалното граѓанско образование и образование на гласачи се спроведува од страна на:

- Невладини организации
- Политички партии
- Државна Изборна Комисија
- Меѓународни организации

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во демократските општества, граѓанското образование ги поттикнува учениците да бидат активни, информирани и одговорни граѓани, кои имаат желба и способност да преземат одговорност за себе и за своите заедници на локално, регионално, национално и меѓународно ниво. **До кој степен сметате дека нашето образование е успешно во овој поглед?**




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

*Процент на испитаници кои изјавиле* ***<u>дека нашето образование не е успешно, според етничка припадност</u>***

**Македонци** **56%**

**Албанци** **36%**

**Други етнички заедници** **48%**

*Процент на испитаници кои изјавиле* ***<u>дека нашето образование не е успешно, според населено место</u>***



**Град**
**54%**



**Село**
**45%**

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

## ДЛАБИНСКИ ИНТЕРВЈУА

**Сите клучни чинители се согласуваат дека Граѓанското образование и образованието за гласачи не е доволно вклучено во образовниот процес и дека не ги постигнува ефектите и целите**

Длабинските интервјуа со клучните професионалци, ги идентификуваат следниве фактори кои имаат влијание врз ефективноста на граѓанското образование и образованието на гласачите:

- Предметот е апстрактен, теоретски, сложен, темите се неразбирливи, недостасува пракса
- Младите го доживуваат како несоодветен и имаат одбивност кон предметот, особено бидејќи сметаат дека е неприменлив во реалноста во која живеат
- На предметот не му е дадена соодветна важност, застапен е со еден час неделно и се користи за пополнување на недостатокот на часови кај некои наставници
- Наставниот кадар е од различен професионален профил и често се менува
- Нема официјално назначен советник за Граѓанско Образование во Бирото за Развој на Образование, недостасува супервизија на наставниците кои го предаваат предметот

*Мислам дека Граѓанското образование е недоволно ефикасно, најмногу затоа што се учат пресложени концепти на премала возраст, а основните прашања не се покриваат на активизмот и на претприемништвото, односно, на граѓанското учество. Толку вештачки е направено, толку е тоа на едно ниво кое што не е соодветно на оваа младава генерација што мислам дека стартно им создава некоја одбивност.*

***Длабинско интервју со претставник на политичка партија***

*Учениците веднаш забележуват дека она што го учат и што го пишува, по граѓанско образование, во учебниците  и програмите, што е предвидено да го добијат како порака, не соодветствува со она што го гледаат во реалноста. Делува контрадикторно. На пример гледа корупција во околината, гледа дискриминација, и имаат тука конфликт.*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

## ДЛАБИНСКИ ИНТЕРВЈУА

**Голем број на Невладини Организации работат на полето на граѓанско образование и образование на гласачи, дел во училиштата, а дел во едукација на различни таргет групи на граѓани, политички партии и медиуми (на пр. МЦГО, Мост, Цивил, Инклузива, Младите можат, МЦМС, ЕПИ, ИДЦС, ЦУП, ЕСМА, Македонско Женско Лоби итн.)**

- Постои впечаток дека невладините и граѓанските организации работат ад хок, несистематски и се зависни од грантовите и програмите на донаторите
- Работат изолирано, некоординирано, неиспланирано и не го користат искуството од претходните успешни проекти
- Проекти немаат континуитет и конзистентност
- Не се работи доволно на подготовка на институциите за воведување на промена, ниту на мотивацијата на секоја засегната страна. Поради тоа, дури и успешните проекти стануваат неодржливи од моментот кога институциите се оставени сами на себе, без контрола и мониторинг

*Треба да има некој вид центар, веб страна или регистар, за да се види која организација работи на кој проект и кое прашање. Овој центар ќе спречи преклопување…*

***Длабинско интервју со претставник на Академија***

*Лесно е да се дерогира систем кој е кревок! Мора да има претходно вклучени механизми во институциите. Тоа не смее да се остави на поединечните актери (училишта, наставници). Немаме институционална меморија. Системот ги уништува дури и успешните приказни, кога институциите се оставени сами на себе.*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***

*Чувството е дека ја работиме нашата работа засебно, секој работи на своите проекти и можеби не знаеме за други организации. Ако сите споделуваме ист интерес, можеме да извршиме притисок врз властите за да се покрие ова посистематски, како „коалиција за граѓанско образование“.*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## Со оглед на тоа што во основните училишта постои предмет „граѓанско образование“, дали сметате дека овој предмет треба да се воведе во сите средни училишта?




*Процент од испитаници кои сметаат дека граѓанското образование треба да се воведе во сите средни училишта, **според степен на образование***




*Добро би било во текот на целото образование да го имаат предметот, за да не го заборават децата. Нели, сепак, живееме во граѓанска држава, да бидат доволно едуцирани, да знаат како да се однесуваат и што да очекуваат од себе и од другите.*

***Учесник во фокус група, Битола***

База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.94

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## Според она што го знаете, дали наставниците и образовниот систем се доволно подготвени да подучуваат и промовираат (вклучат во воннаставни активности) граѓанско образование/ образование на гласачите?




*Процент од испитаници кои пријавиле дека* ***наставниците не се доволно подготвени да подучуваат и промовираат**, **<u>според возрасни групи</u>***




* 20% од испитаниците на возраст од 55+ не знаат дали наставниците и образовниот систем се доволно подготвени да подучуваат и промовираат граѓанско образование

*Нема континуитет на кадар. Ние ќе обучиме наставници и следната година веќе 30% се сменилe од нив. Тоа е голем проблем. Некогаш и скроз некомпетентни го предаваат предметом...*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***



*Како професорот ќе го доближи и колку сериозно ќе го сфати, толку и учениците ќе го перцепираат. Сметам дека е најважно кој го држи тој предмет.*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***

База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

## Дали Вие лично сте посетувале настава или обука за граѓанско образование / едукација на гласачи?




*Процент од испитаниците кои изјавиле* ***дека посетувале настава или обука за граѓанско образование и образование на гласачите,*** ***<u>според возрасни групи</u>***




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

% ПОМЕЃУ ОНИЕ КОИ ДОБИЛЕ НАСТАВА ИЛИ ОБУКА ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ / ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ




**ЗАБЕЛЕШКА**

- 64% од испитаниците на возраст до 34 години посетиле настава или обука во основно/ средно образование.

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

## Дали верувате дека граѓанското образование и едукацијата на гласачите придонесуваат за поактивна вклученост на граѓаните во општеството?




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

Наод од длабински интервјуа со клучни професионалци

## Кои теми треба да се опфатат?

- Демократија, авторитаризам, идеологија, политичка култура
- Дискриминација, почитување на различности, инклузивност, социјална кохезија, разрешување конфликти
- Улога на невладини и граѓански организации, нивно финансирање, граѓански активизам
- Функционирање на државата и институциите, политички систем, поделба на Власта
- Избори и изборен систем (држава, изборен процес, кампањи, политички партии)
- Корупција, препознавање и начини на спротиставување на корупцијата
- Отчетност и транспарентност

## Начин на подобрување

- **Пракса и практично доближување** на концептите
- **Волонтирање, вклучување** во граѓански организации
- Вклучување на локалната власт во конкретни проекти во заедницата
- **Едноставни, конкретни информации**, поврзани со вештини кои младите веднаш можат да ги применат и користат
- **Анализирање на информации и носење на информирани одлуки**
- **Соработка меѓу различни чинители** (образование, бизнис сектор, институции)

*Од 8 и 9-то треба да биде со мали чекорчиња каде учениците ќе ќе волонтираат на некои кратки ангажмани, а потоа кога ќе дојдат во средно да можат да си направат проект заедно или индивидуално. Во текот на тие години да бидат вклучени дали во некои граѓански организации или добротворна организации каде ќе можат да направат нешто и да го искусат тоа. Кога е на ниво на концепти, не им влага во глава*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***

*Што значи Донтов модел? Како се прават коалиции? Што треба ти да знаеш кога ќе отидеш прв пат да гласаш? Знаеш дека има партиски програми? Колку ги читаш програмите? Кога ќе го прочиташ тоа, што тоа за тебе значи? Значи, да знаат да ги анализираат информациите за да донесат поинформирана одлука*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***



# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИ

Наод од квалитативно истражување

## На кои целни групи им е најпотребно образованието?

**Сите интервјуирани чинители се согласуваат дека на сите граѓани во нашата земја им е потребно граѓанско образование и образование за гласачи**

- Младите и гласачите кои прв пат гласаат се најзначајната таргет група според сите клучни чинители
- Граѓанско образование им е потребно и на:
    - Ранливи групи на граѓани (лица со ниско образование, повозрасни, лица со попреченост)
    - Политички партии
    - Вработени во институции
    - Медиуми

*Јас најмногу би работел со, таканаречени First time voters. Голема е веројатноста дека ако еднаш младиот човек излезе да гласа, ќе излегува да гласа и понатаму. Тоа вака се покажало социолошки како феномен којшто е во голема мера точен. Тоа е како некој тип на навика, на обврска, на одговорност...*

***Длабинско интервју со претставник на политичка партија***

*Најважно за младите е да знаат што е демократија, начинот на кој се спроведуваат изборите, типовите на идеологија за да видат дали сакаат политички да се ангажираат преку партии, бидејќи политички можат да бидат активни и на други начини...*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***



# ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

# ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

## Дали би се опишале себе си како активен граѓанин (граѓански ангажиран)?




*Процент на испитаници* ***кои не се воопшто активни,*** ***__според пол__***

Машки 36%

Женски 50%

*Процент на испитаници* ***кои не се воопшто активни,*** ***__според возрасни групи__***

18-34 38%

35-54 36%

55+ 55%

*Процент на испитаници* ***кои не се воопшто активни,*** ***__според степен на образование__***

Основно 67%

Средно 41%

Високо 28%

База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.94

# ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

## Дали сте се вклучиле во активности за решавање на одредено прашање во последните 12 месеци? (на пр., сте учествувале на протест, сте поднеле жалба, сте иницирала или поддржале онлајн петиција итн.)




*Процент на испитаници кои* ***не се граѓански ангажирани во последните 12 месеци****,* ***<u>според пол</u>***




*Процент на испитаници кои* ***не се граѓански ангажирани во последните 12 месеци****,* ***<u>според степен на образование</u>***




*Процент на испитаници кои* ***не се граѓански ангажирани во последните 12 месеци****,* ***<u>според возрасни групи</u>***




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

## Дали некоја институција Ве прашала или поканила за консултација или информација при донесување одредена одлука на централно или локално ниво?




Процент на испитаници кои **не биле повикани или консултирани од ниту една институција**, <u>според пол</u>




Процент на испитаници кои **не биле повикани или консултирани од ниту една институција**, <u>според возрасни групи</u>




Процент на испитаници кои **не биле повикани или консултирани од ниту една институција**, <u>според степен на образование</u>




Base: 1114 (all respondents)
Margin of Error ± 2.94

# СВЕСНОСТ ЗА НВО И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

## Која од следниве изјави најдобро го опишува Вашето познавање за НВО/граѓанските организации во Вашата заедница?




*Процент на испитаници кои **не се информирани за ниту една НВО или граѓански организации во нивната заедница, <u>според пол</u>***




*Процент на испитаници кои **не се информирани за ниту една НВО или граѓански организации во нивната заедница, <u>според возрасни групи</u>***




*Процент на испитаници кои **не се информирани за ниту една НВО или граѓански организации во нивната заедница, <u>според степен на образование</u>***




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# МОТИВАЦИЈА ДА СЕ БИДЕ ГРАЃАНСКИ АНГАЖИРАНИ

## Според Вас, кои се главните причини за вклучување на граѓаните во НВО/Граѓански организации?

МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ
СУМАТА НА % ПОМИНУВА 100




**ГЛАВНИ 2**

*Кога почнав со работа во невладина организација, ние сме оделе од фирма до фирма, сме барале спонзорства за да направиме пакетчиња на социјално загрозени деца за Нова година. А, денеска некој млад човек ако го викнеш да се ангажира ти вика: "колку ќе ми биде плата или што јас добивам?"*

***Учесник во фокус група, Куманово***

*Не се сите исти, но од тие јас што ги познавам, а познавам многу од невладини организации сè е поврзано со профит...*

***Учесник во фокус група, Битола***

База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.94

# МОТИВАЦИЈА ДА СЕ БИДЕ ГРАЃАНСКИ АНГАЖИРАН

## Колку сте мотивирани за граѓански активизам (на пр. да учествувате на протест, поднесете жалба, иницирате или поддржете онлајн петиција итн.) за да се вклучите за решавање на прашања кои се важни за Вас?




*Процент на испитаници кои **воопшто не се мотивирани за граѓански ангажиран**, <u>според пол</u>*




*Процент на испитаници кои **воопшто не се мотивирани за граѓански ангажиран**, <u>според етничка припадност</u>*




*Процент на испитаници кои **воопшто не се мотивирани за граѓански ангажиран**, <u>според степен на образование</u>*




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ПРИЧИНИ ЗА ГРАЃАНСКА АПАТИЧНОСТ

## Која е главната причина што Ве обесхрабрува да бидете граѓански ангажирани (на пр. да учествувате на протест, поднесете жалба, иницирате или поддржете онлајн петиција итн)?



# ПРИЧИНИ ЗА АПАТИЈАТА НА ГРАЃАНИТЕ

## Која е главната причина што ве обесхрабрува да бидете граѓански активни?

**Фокус групи**

- Страв за сопствената егзистенција, страв од реваншизам и загуба на работното место (сопственото или на член на семејството)
- Убедување дека сè е залудно и дека граѓаните немаат моќ ништо да променат во општеството
- Политизација на граѓанскиот активизам и негово користење за партиски интереси
- Во услови на сиромаштијата и лоша економска ситуација во земјата, интересот на граѓаните за граѓанскиот активизам е помалку важен

*Сакам да кажам дека цел живот е борба, меѓутоа нашиот човек се плаши дека ќе биде оцрнет, дека ќе биде затворен, дека ќе биде омаловажуван. Мислам дека стравот повеќе владее отколку незнаењето...*

***Учесник во фокус група, Скопје***

*Луѓето не се активни затоа што сметаат дека ништо не можат да променат и дека ќе имаат последици за себе и за своите блиски.*

***Учесник во фокус група, Куманово***

*Мислам дека повеќето би биле општествено активни кога би имале јак мотив и верба дека нешто ќе се подобри, дека нивниот ангажман ќе биде за општо добро на сите. Но таа верба кај луѓето е многу слаба...*

***Учесник во фокус група, Битола***

*Поентата на граѓанскиот сектор е да направи нешто што треба да биде во корист на општеството. Но во реалноста, ти било што да кажаш секогаш ќе ти најдат некоја политичка позадина и одма ќе мислат дека припаѓаш на некоја партија...*

***Учесник во фокус група, Куманово***



# ОБЛАСТИ ЗА ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

## Која од следните области би можела да Ви биде од интерес за  да граѓански се ангажирате (на пр. да учествувате на протест, поднесете жалба, иницирате или поддржете онлајн петиција итн.)?




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИИ

## Дали сте член или сте биле вклучени во некоја од следните организации?




**ЗАБЕЛЕШКА**

- **Незаинтересираност, немање време и немање доверба** во влијание се најчесто споменуваните причини за невклучување во ниту една организација.

*Јас сум лично многу разочарана од државата, бидејќи кога и да ни требала помош од државата, не само мене туку и на мојата фамилија, никогаш не сме ја добиле таа помош. И затоа избегнувам, искрено, да се вложувам во било какви невладини организации или организации на студенти.*

***Учесник во фокус група, Скопје***

База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.94

# ИЗБОРИ

# АСОЦИЈАЦИИ ЗА ИЗБОРИ

Кога би требало да ги опишете изборите во нашата земја со **3 збора** кои би биле?

Наод од квалитативно истражување

**Фокус група**

- Слободни
- Мирни
- Сите се победници, сите партии слават победа на денот на изборите

- Празни ветувања
- Корупција
- Хаос
- Избори без избор, не решава вољата на народот, решаваат "други сили"
- Некоректни, нереални



*Изборите се слободни за еден поголем дел на популацијата, но другиот дел знаеме дека си имаат свои проблеми. Можеби за мене се слободни, но за некој друг не се слободни...*

***Учесник во фокус група, Тетово***

# ЧУВСТВО НА ПРЕТСТАВЕНОСТ ОД СТРАНА НА ИЗБРАНИТЕ ЛИЦА

## Според Вас, дали верувате дека пратениците или општинските советници ги претставуваат Вашите потреби и интереси, откако се избрани?




**ЗАБЕЛЕШКА**

- Граѓаните кои не веруваат дека пратениците или општинските советници воопшто ги претставуваат почесто се:
    - Други етнички заедници
    - Граѓани со основно образование
    - Возрасна група 55 +
    - Живеат во урбана средина

*Пред да бидат изгласани постојано се достапни на телефон и се во контакт со нас. Но ако случајно го побраш по неговото доаѓање на функција, интересно е што не го слуша телефоном или, пак телефоном не е во функција.... Они буквално не се сеќаваат нас. Јас не сум видела некој претставник од било која политичка партија дека мене стварно ме претставува.*

***Учесник во фокус група, Куманово***

База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА ИЗБОРИ

## Дали сте заинтересиран/а да дознаете нешто повеќе за изборите? (кампања, кандидати, избирачки список, партиски програми, процес на гласање, резултати)




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.94

*Процент на испитаници кои **се заинтересирани да дознаат нешто повеќе за изборите**, **<u>според место на живеење</u>***



**Град**
**32%**



**Село**
**38%**

*Процент на испитаници кои **се заинтересирани да дознаат нешто повеќе за изборите**, **<u>според пол</u>***




*Процент на испитаници кои **се заинтересирани да дознаат нешто повеќе за изборите**, **<u>според степен на образование</u>***



# ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА ИЗБОРИ

## За што најмногу сте заинтересиран/а да научите?




*Граѓаните се заинтересирани само за кандидатите, какви луѓе се тие, какви ставови имаат за прашања кои им се важни и како се претставуваат.*

***Длабинско интервју со претставник на НВО сектор***

% ПОМЕЃУ ОНИЕ КОИ **СЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ** ДА НАУЧАТ ЗА ИЗБОРИТЕ

МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ
СУМАТА НА % НАДМИНУВА 100



# ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА ИЗБОРИ

## За што најмногу сте заинтересиран/а да научите?







*Што ако знаеме повеќе? Не можеш ништо да промениш, кога ти не одлучуваш.*

***Учесник во фокус група, Штип***

# ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ИЗБОРЕН ПРОЦЕС

## Дали би биле лично заинтересиран/а да се вклучите повеќе во изборниот процес како...?




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.94

# ИНТЕРЕС ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ИЗБОРЕН ПРОЦЕС

## Дали би биле лично заинтересирани да се вклучите повеќе во изборниот процес како...?

- Најголем дел од учесниците во фокус групите **не се воопшто заинтересирани** да се вклучат во изборните процеси на ниту еден начин.
- Вработените во јавна администрација се вклучуваат во изборните процеси како членови или претседатели на изборни комисии само затоа што мораат, но кај повеќето се забележуваат големи отпори. Процесот го оценуваат како мачен, тежок и многу одговорен. Дополнително кај дел постојат и стравувања од можни конфликти и нерегуларности.
- Кај мал дел (особено кај вработените во образование) се забележува заинтересираност да се вклучат во процесите на едукација и образование на гласачите, особено на младите и оние кои прв пат гласаат.

---



*Волонтерски не би се пријавил, некако мачен е процесот искрено, а одговорноста е голема.*

***Учесник во фокус група, Битола***

*Во комисија ако ме стават мораме, не смееш да одбиеш.*

***Учесник во фокус група, Скопје***

*Јас не би се вклучил ни во комисија ни како набљудувач, затоа што не знаеш што може да се случи во моментот. Од тие конфликти и нерегуларности не ми се оди.*

***Учесник во фокус група, Куманово***

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗБОРИ

## Дали сметате дека имате доволно информации за да направите информиран избор кога гласате?




*Процент на испитаници кои **изјавиле дека немаат доволно информации за да направат избор при гласањето**__**, според пол**__*




*Процент на испитаници кои **изјавиле дека немаат доволно информации за да направат избор при гласањето**, __**според возрасни групи**__*




*Процент на испитаници кои **изјавиле дека немаат доволно информации за да направат избор при гласањето**, __**според степен на образование**__*




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗБОРИТЕ

## Дали сметате дека имате доволно информации за да направите информиран избор кога гласате?

**Интервјуа со медиумите**

- Претставниците на медиумите забележуваат дека на медиумскиот простор недостигаат информации кои би им помогнале на граѓаните да донесат информирани избори и одлуки
- Информациите во медиумите најчесто не се аналитични, не се детално разработени, не прават критички опсервации на настапите и изборните програми на политичарите и политичките партии, ниту нивна компарација
- Дополнително недостасува едукација за изборниот систем во нашата земја, постапките за гласање, изборните права и обврски

*Она што е проблем е што граѓаните се изложени континуирано на истиот терк на информации години station наназад, коишто не им помагаат да донесат информирани избори и одлуки*

***Длабинско интервју со претставник на медиуми***

*Не постои онаа едукативна димензија – каков е нашиот изборен систем, процес, чекори, да се направи една паралела какви се платформите, какви се програмите на дејствување, какви се изборните ветувања… за да им се овозможи на гласачите да се потсетат дали она што било ветено е остварено. Има луѓе коишто воопшто не се информирани околу овие работи, а треба да знаат.*

***Длабинско интервју со претставник на медиуми***



# ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗБОРИТЕ

## Помислувајќи на последните избори (локални избори 2021), дали сте виделе или чуле некоја едукативна кампања поврзана со изборите?




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94




*Имаше на телевизија пред избори, реклама за правата на гласачите. Беше анимирана и кратка, убаво направено, останува во сеќавање. Мислам дека беше на ДИК.*

***Учесник во фокус група, Битола***

# ПРИЈАВУВАЊЕ НЕРЕГУЛАРНОСТИ

## Доколку сте биле изложен/а на притисок како што се сила, закани, купување гласови или други незаконски активности (со што Ви било направено притисок да гласате на одреден начин), дали сте доволно информирани каде да пријавите?




*Процент на испитаници **кои не се информирани каде да пријават, според пол***




*Процент на испитаници **кои не се информирани каде да пријават, според степен на образование***




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ДИК

# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ДИК

## Дали сметате дека ДИК е професионална и независна институција?




*Процент на испитаници кои* ***сметаат дека ДИК е професионална и независна институција,*** ***<u>според место на живеење</u>***



**Град**
**39%**



**Село**
**47%**

*Процент на испитаници кои* ***сметаат дека ДИК е професионална и независна институција,*** ***<u>според степен на образование</u>***




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ДИК

## До кој степен се согласувате или не се согласувате со следните изјави?




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# СИСТЕМСКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ

Наод од длабински интервјуа со клучни професионалци

## Кои државни институции треба да обезбедат системско образование?

- **ДИК е посочена како државна институција која е најпогодна да обезбеди услуги за гласачите и другите изборни чинители**
- ДИК треба да биде носител (да ја игра главната улога) на еден посеопфатен проект кој ќе вклучува и многу други чинители како интернационални донатори, невладини организации, медиуми и политички партии.

## Перцепција на ефикасноста и капацитетите на ДИК

- Генерално постои сомнеж во капацитетите и можностите на ДИК да спроведе систематска едукација надвор од кампањите кои ги спроведува за изборите
- Дел се сомневаат во кредибилитетот на институцијата и довербата која ја има кај граѓаните, односно можноста за нејзино професионално и политички независно ангажирање

## Начин на подобрување

- Функционална анализа, подобрување на политиките на работа
- Партнерство со граѓански сектор, медиуми и меѓународни донатори
- Зголемување на интегритетот, довербата и транспарентноста на институцијата, професионализација
- Креирање на институт за избори, со свој годишен буџет, поврзан со стручна служба, независен од политичките претставници
- Проширување на тимот со експерти, академски работници и истражувачи

# СИСТЕМСКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ



## Длабински интервјуа: ДИК како образовен тренинг центар

- Тренинг центарот на ДИК **треба да биде посебен дел на ДИК**, со **свои вработени**, сопствен буџет кој ќе биде **континуиран**, а не само во изборна година; буџетот треба **да не е зависен од донаторски средства**.

- Тренинг центарот треба да има **2 дела** (функции): едукативен дел и дел за истражување и анализи.

- **Тренинзите и обуките** кои ДИК ќе ги спроведува треба да бидат **наменети за сите:**
    - граѓани (различни целни групи, ученици, студенти, жени, вулнерабилни граѓани, граѓани со посебни потреби и др.)
    - политички партии
    - медиуми
    - вработени во институции

- На својата веб страна ДИК треба да продолжи со едукативна платформа со онлајн курсеви за едукација на гласачи, теми од граѓанско образование, но оваа платформа треба повеќе да се промовира со цел што е можно повеќе граѓани да ја посетат

За да може ова да функционира потребно е:

- Измена на законската регулатива
- Обезбедување на соодветен простор
- Обезбедување финансии
- Обезбедување човечки ресурси



# ВАЖНОСТА НА МЕДИУМИТЕ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛАСАЧИТЕ

# ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

## Кој е Вашиот примарен извор на информации за актуелните социо-политички случувања?




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

**Поголема веројатност да се информираат од социјалните мрежи се:**

- Помлади (од 18-34 години)
- Етнички Македонци
- Со високо образование
- Урбани населени места
- Повисок семеен приход (51.000+ ден.)
- Го оценуваат сопственото домаќинство како добро ситуирано.

**Поголема веројатност да се информираат од ТВ се:**

- Жени
- Постари (на возраст од 55+)
- Други етнички заедници
- Со основно образование
- Рурални населени места
- Помал семеен приход (помалку од 31.000 ден.)
- Го оценуваат сопственото домаќинство како сиромашно.

# МЕДИУМИТЕ И ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО

## Колку сметате дека **медиумите се важни во информирањето** на луѓето за прашања што ги засегаат нивните заедници и да ги охрабруваат да се вклучат?




*Процент од испитаници кои **веруваат дека медиумите се многу важни за информирање на луѓето за прашања кои ги засегаат нивните заедници и ги охрабруваат да се вклучат**, <u>според етничка припадност</u>*




*Процент од испитаници кои **веруваат дека медиумите се многу важни за информирање на луѓето за прашања кои ги засегаат нивните заедници и ги охрабруваат да се вклучат**, <u>според степен на образование</u>*




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

Наод од длабински интервјуа со клучни професионалци

# МЕДИУМИТЕ И ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ



## Застапеност во медиумите

- И покрај обидите, **темите поврзани со граѓанско општество не се доволно присутни во медиумите** и се **чувствува недостиг на информации** поврзани со граѓанскиот активизам и начини на граѓанско вклучување
- Граѓанското општество има свое место во медиумското известување, пред сѐ преку присуство на претставници на Граѓанското општество во јавната дебата, но значењето и важноста на феноменот не е присутен.

## Медиумска содржина

- Проблемот е пред сѐ во незастапеноста на темата, а не во формите на нејзино претставување
- Најсоодветни се едукативни жанрови кои овозможуваат поширока интеракција и дискусија, дебати, продлабочени интервјуа, човечки приказни, стории
- **Од клучна важност е конзистентно и континуирано информирање на овие теми, систематично внесување и идентификување како теми од јавен интерес**

## Капацитетите на новинарите

- Намален квалитет на студиите по новинарство
- Капацитетот и знењето на новинарите во голем дел зависат од медиумот во кој работат, од нивниот професионализам и искуство
- **Постојат многу обиди за едукација на новинарите, но иницијативите не се систематизирани, координирани и планирани помеѓу донорите, граѓанските организации, медиумските организации и асоцијации**

# МЕДИУМИ И ИЗБОРИ

## Колку сметате дека медиумите се важни за подигање на свеста и информирање на граѓаните за изборите?




*Процент на испитаници кои* ***сметаат дека медиумите се многу важни за подигање на свеста и информирање на граѓаните за избори,*** ***<u>според етничка припадност</u>***




*Доколку медиумите не ги обезбедат информациите коишто им требаат на граѓаните за да добијат една посеопфатна слика, тогаш тие практично ќе лутаат во обид да дојдат до повеќе информации. Тука можеби ќе наидат на информации што често пати се објавуваат на социјалните мрежи, а не значи дека се вистинити и точни, проверени, балансирани итн. Што значи дека медиумите имаат голема улога и значење во овие процеси, обезбедувајќи ги информациите коишто се неопходни и давајќи го контекстот и претставувајќи различни страни...*

***Длабинско интервју со претставник од медиуми***

База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА МЕДИУМИ

## До кој степен се согласувате/не се согласувате со следните изјави




База: 1114 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.94

# ПЕРЦЕПЦИЈА НА МЕДИУМИТЕ

## Фокус групи

- ✓ **Постои генерално ниска доверба во независното и објективното известување на медиумите, поради што граѓаните следат повеќе различни медиуми со цел самостојно да донесат заклучок**
- ✓ Препознаваат пласирање на дезинформации и лажни вести во медиумите, особено на web порталите и социјалните мрежи што дополнително ја намалува довербата во пласираните информации.
- ✓ Помал дел (особено вработените во образовниот сектор) имале едукација за медумска писменост, но се нагласува потребата од помасовни кампањи на широката јавност во однос на оваа тема.

*Начинот на кој медиумите известуваат личи на платена политичка програма. Ние сме сведоци на многу дезинформации или искривени информации така да одговорните треба да зе позанимаваат со оваа работа.*

***Учесник во фокус група, Тетово***

## Длабински интервјуа со медиумите

- ✓ **Постои загриженост за сè почестата присутност на дезинформациите, особено на социјалните медиуми и веб портали**. Истите се особено концентрирани во критичните фази од случувањата во едно општество (пандемија, војна и сл.) поради што се исклучително опасни
- ✓ Граѓанскиот сектор, професионалните медиумски здруженија, сервисите за проверка на факти, а особено самите медиуми имаат важна улога во справување со дезинформациите

*Имаше многу голема кампања околу медиумската писменост и многу се обрна внимание едно време во општеството за медиумската писменост.*

***Учесник во фокус група, Скопје***

# ГЛАВНИ НАОДИ

# ГЛАВНИ НАОДИ: ОПШТА СОСТОЈБА И СВЕСНОСТ

**Економијата и животниот стандард се најголемите проблеми со кои се соочуваат граѓаните. Довербата во институциите е ниска.**

- Граѓаните се најмногу загрижени за економските прашања и животниот стандард. Криминалот, корупцијата и владеењето на правото почесто се споменуваат како проблеми со кои се соочува државата, а поретко како проблем од кој граѓаните се лично засегнати.

- Верските институции и Армијата се институции кои уживаат најмногу доверба од граѓаните. Судовите и Јавното обвинителство се институции со најниска доверба, во кои 80 % од граѓаните немаат доверба.

**Забележана е висока свест за важноста на познавањето на концептите и темите за граѓанско образование и образование на гласачи. Постои консензус меѓу сите целни групи дека граѓаните не се доволно информирани за граѓанското образование.**

- Високо мнозинство (92,8%) се согласуваат дека е важно граѓаните да ги знаат своите права и одговорности во едно демократско општество и идентификуваат сериозни последици од недостигот на граѓанско образование – ранливост на манипулации, апатија и пасивност.

- Граѓаните се најмалку запознаени во врска со државниот буџет (60% се целосно или не многу запознаени) и формите на учество на граѓаните и граѓанскиот активизам (48% се целосно или не многу запознаени). Забележана е поголема запознаеност со изборниот процес и избирачките права.

- Граѓаните ги перцепираат малцинските права и слободата на говор како демократски вредности кои во поголема мера постојат во земјата; додека осудувањето на корупциското однесување и отчетноста се недоволно присутни.

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

**Ниска ефективност на формалното и неформалното граѓанско образование.**

- Половина од граѓаните сметаат дека нашето образование не е успешно во поттикнувањето на учениците да бидат активни, информирани и одговорни граѓани, со желба и способност да преземат одговорност за себе и за својата заедница (50,3%). Една третина (33,6%) сметаат дека наставниците и образовниот систем не се доволно подготвени да го предаваат и да го промовираат граѓанското образование.

- Потребен е практичен пристап кон концептите (волонтирање, вклучување во граѓански организации и проекти), поедноставување на дадените информации и соработка помеѓу образованието, бизнис секторот и институциите со цел подобрување на формалното граѓанско образование.

- Напорите на различни невладини и граѓански организации се изолирани, некоординирани, несистематски и зависни од грантовите и програмите на донаторите. Неподготвеноста на институциите да ги спроведат промените, недостигот на институционална меморија и недостигот на контрола и мониторинг имаат најголемо влијание врз одржливоста и континуитетот на сите проекти.

**Според сите целни групи, младите луѓе и оние кои првпат гласаат имаат најголема потреба од граѓанско образование и образование на гласачи.**

- Сепак, 6 од 10 млади луѓе (на возраст од 18-34 години) не се заинтересирани за граѓанско учество, додека две третини веруваат дека нема да има никаков резултат и промена од нивниот граѓански активизам.

**Ниско граѓанско учество и членство во организации.**

- Единствено 22,7% од граѓаните се опишуваат себеси како воглавно или постојано граѓански активни, 14,4% се вклучиле во активности за решавање на одредено прашање во последните 12 месеци, додека половина од граѓаните не се информирани за ниту една НВО или граѓанска организација во нивната заедница.
- 60% од граѓаните изјавуваат дека не се мотивирани да се занимаваат со граѓански важни прашања, главно затоа што не веруваат дека тоа нешто ќе промени.

- Речиси две третини од граѓаните не се членови на ниту една организација, додека 18,2% се вклучени во политичка партија.

# ГЛАВНИ НАОДИ: ИЗБОРИ И РАБОТЕЊЕТО НА ДИК

**Граѓаните имаат негативни асоцијации за изборите и не чувствуваат дека нивните интереси и потреби се претставени од избраните лица**

- Мнозинството (67.2%) не се чувствуваат претставени од членовите на парламентот или општината откако истите ќе бидат избрани.
- Една третина (34,6%) се заинтересирани да дознаат повеќе за изборите, а најмногу за кандидатите и партиските програми. Забележан е слаб интерес за вклучување во изборниот процес како кандидат, волонтер, набљудувач и член на избирачко тело. Половина од граѓаните не знаат каде да пријават доколку се изложени на притисок да гласаат на одреден начин.
- ТВ и социјалните мрежи се најчесто користени извори на информации за изборите.
- Мнозинството граѓани (72,4%) сметаат дека имаат доволно информации за да направат информиран избор при гласањето. Сепак, претставниците на медиумите нагласуваат дека медиумите не нудат едукативни содржини за изборниот систем во земјата и не даваат анализа и споредба на изборните програми на политичките партии.

**Постои консензус дека ДИК треба да биде главен носител на систематска едукација на гласачите и другите изборни чинители. Треба да се надминат сомнежите во капацитетот, професионалноста и независноста на ДИК за систематска едукација.**

- Околу три четвртини од граѓаните се согласуваат дека ДИК треба да обезбедува едукација на гласачите, за различни целни групи и различни чинители на изборите и тоа континуирано, а  не само во преизборните периоди.
- Речиси 44% од граѓаните не веруваат дека ДИК е професионална и независна институција. Дополнително, сомнежите во капацитетот, кредибилитетот и политички независното работење на ДИК се изразени од страна на различни релевантни чинители (НВО, медиуми, претставници на политичките партии).
- Релевантните чинители сметаат дека тренинг центарот на ДИК треба да биде посебен дел од ДИК, политички независен, со свои вработени и сопствен буџет; во партнерство со граѓанскиот сектор, медиумите и меѓународните донатори.

# ГЛАВНИ НАОДИ: МЕДИУМИ

**Медиумите се многу важни за подигање на свеста и информирањето на граѓаните за темите за граѓанскиот активизам.**
**Во медиумските содржини сè уште недостигаат информации поврзани со граѓанскиот активизам и формите на граѓанско учество. Мнозинството граѓани и претставници на медиумите се загрижени за дезинформациите и ширењето на лажни вести во медиумите.**

- Речиси 9 од 10 граѓани (87%) веруваат дека медиумите се многу или донекаде важни во информирањето на граѓаните за прашањата што ги засегаат нивните заедници и да ги охрабрат да се вклучат. Претставниците на медиумите предлагаат доследно и континуирано информирање за овие теми, систематизирани, координирани и планирани иницијативи за подобрување на капацитетот и знаењето на новинарите меѓу граѓанските организации, медиумските здруженија и донаторите.

- 6 од 10 граѓани се согласуваат дека медиумите се пристрасни и склони кон ширење на лажни вести. Претставниците на медиумите ја споделуваат оваа загриженост, особено во однос на веб-порталите и социјалните медиуми. Тие бараат од граѓанскиот сектор, здруженијата на медиумите и службите за проверка на факти да играат поактивна улога во справувањето со дезинформациите.

# КЛУЧНИ НАОДИ

## СВЕСНОСТ

**93%** се свесни дека е важно граѓаните да ги знаат своите права и обврски во едно демократско општество.

Недостигот од граѓанско образование доведува до подложност на манипулации, апатија и пасивност

## ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**50%** од граѓаните сметаат дека нашето образование не е успешно во поттикнувањето на учениците да бидат активни, информирани и одговорни граѓани.

## ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

**30%** од граѓаните пријавиле дека се мотивирани, додека **60%** изјавиле дека не се мотивирани за граѓанско учество, најмногу затоа што не веруваат дека тоа ќе направи промена.

## ДИК ТРЕНИНГ ЦЕНТАР

**76%** веруваат дека ДИК треба да биде главниот носител на едукација на гласачите

Граѓаните и релевантните засегнати страни се загрижени за професионалноста, капацитетот и политички независниот ангажман на ДИК како ноositел на систематско образование за различни целни групи

## МЕДИУМИ

**ТВ (53%), Социјални медиуми (25%) and Веб портали (10%)** се доминантни извори на информации за општествено-политичките случувања

Постои генрален недостиг на информации поврзани со граѓанскиот активизам и начините на граѓанско вклучување во медиумите

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Оваа презентација е изработена во рамките на проектот „Поддршка на изборни реформи” финансиран од владата на Швајцарија и имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Искажаните ставови, мислења и содржини во оваа презентација не мора да ги отсликуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот.